Уготур А.Д.-Скопје
Скопје, 15.08.2014 г.
Бр.122

Врз основа на членовите 385 и 388 од Законот за трговски друштва, а во врска член 27 од Статутот на Уготур А.Д.-Скопје Одборот на директори свикува вонредно Собрание на акционерите на друштвото и за таа цел објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За свикување на вонредно Собрание**
**на Уготур А.Д.-Скопје**

Седницата на вонредното Собрание на акционерите на друштвото ќе се одржи на ден 17.09.2014 г.(среда) со почеток во 12 часот, во просториите на друштвото на ул.16 Македонска бригада бр.18-Скопје, со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**I.Процедурален дел**
-Избор на претседавач со вонредното Собрание
-Записник (Согласно член 383 став 3 од ЗТД записникот го води Нотар)
-Избор на бројач на гласови

**II.Работен дел**

**1.**Предлог одлука за измена на Статутот на друштвото.

Собранието одлучува само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
Вклучување на нови точки од дневниот ред може да се врши во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик од акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас.
Право на учество во работата на Собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието со писмено полномошно, кое се издава за сите акции и само за една седница на Собранието.

Акционерите кои што овластуваат полномошник за седницата на Собранието, треба задолжително да го известат Друштвото за даденото полномошно во писмена форма.
Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.
Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во седиштето на друштвото секој работен ден од 10 до 13 часот или да се најдат на официјалната интернет страна на друштвото:www.ugotur.com.mk

**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**
**Одбор на директори**